


# Споделете ја својата креативност и бидете наградени

## Мајкрософт продолжува со својата поддршка на образованието!

Мајкрософт продолжува со своите активности да ги поддржува напорите за подобрување на образованието, инспирирање на учениците и промовирање на иновативноста. Со задоволство сакаме да најавиме нови активности во кои се добредојдени да учествуваат сите наставници од основните и средните училишта во Македонија.

**Активностите кои ги преземаме се резултат од одличната соработа со Министерството за образование и наука (МОН) и како резултат од потпишаниот Меморандум за соработка со Министерството за информатичко општество (МИОА).**

Ни претставува чест и задоволство да Ве поканиме за учество на **два државни натпревари кои имаат европска и светска тежина и како и претходните натпревари** имаат за цел да ги поттикнат наставниците да воведуваат нови пристапи, проактивно да ги користат новите технологии во образовниот процес и воедно да бидат наградени.

### 1. Натпревар за Мајкрософт експерт наставник од Македонија (Microsoft Innovative Educator (MIE))

Microsoft Innovative Educator (MIE) програмата е екслузивна програма создадена да ги препознае наставниците визионери од цел свет кои ја користат технологијата да го покажат патот на своите колеги како ефективно да ја користат технологијата во работата со учениците. Придобивката од учеството на овој натпреват е во можноста за професионален и кариерен развој и сертификација, можноста за споделување на нивната експертиза со светски едукатори и специјалисти, презентирање на искуствата на глобалните EduCast вебинари и многу повеќе.

- **Право на учество** На натпреварот може да се пријават сите наставници од основните и средните училишта од Македонија.
- **Краен рок** Крајниот рок за пријавување на натпреварот е 14 декември 2015 година.
- **Награди** Наставникот кој ќе биде избран за Microsoft Innovative Educator (MIE) експерт ќе ја претставува Македонија на Microsoft Global Educator Exchange настанот кој ќе се одржи на пролет 2016 година.
- **Дополнителни информации** Подетално за програмата, начинот на пријавување, придобивките, крајните рокови, прочитајте на следниот линк.

**Наставниците со најдобри апликации** ќе бидат поканети на голем настан кој ќе се одржи во втората половина од декември, за кој ќе бидете во скоро време известени, во Скопје и на кој ќе се прогласи победник на натпреварот.
**Напомена!** Сите наставници кои имаат пријавено изработки за натпреварот потребно е да ги пополнат своите податоци во формуларот и да ги достават на следна адреса pilmacedonia@live.com

### 2. Натпревар за најиновативни наставници од Македонија во рамки на регионалниот ЦИЕ MIXathon предизвик за 2015-2016 година

Мајкрософт Миксатон Предизвикот Microsoft MIXathon Challenge е можност за препознавање на иновативните едукатори. Се работи за возбудлив предизвик кој помага при споделување на иновативните идеи на наставниците со кои се поддржуваат новите пристапи во учењето во 21 век. За учество на натпреварот е потребно да се изготви интерактивна презентација од најмногу 15 минути, на тема која е по избор на наставникот. Претходното знаење за креирање PowerPoint презентации се надополнува со новиот Office Mix, овозможувајќи создавање и споделување интерактивни образовни активности.

- **Право на учество** На натпреварот може да се пријават сите наставници од основните и средните училишта од Македонија.
- **Краен рок** Краен рок за пријавување на натпреварот е 14 декември 2015 година.
- **Награди** Победникот на натпреварот заедно со претставниците од останатите 32 држави ќе ја претставува Македонија на регионалниот натпревар на Централна и Источна Европа. Регионалниот натпреватар ќе се одржи на пролет 2016 година.
- **Дополнителни информации** Подетално за програмата, начинот на пријавување, придобивките, крајните рокови прочитајте на следниот линк.

**Наставниците со најдобри апликации** ќе бидат поканети на голем настан кој ќе се одржи во втората половина од декември, за кој ќе бидете во скоро време известени, во Скопје и на кој ќе се прогласи победник на натпреварот.
**Напомена!** Сите наставници кои имаат пријавено изработки за натпреварот потребно е да ги пополнат своите податоци во формуларот и да ги достават на следна адреса pilmacedonia@live.com